# Кој е Богот од Библијата?

**1. Кое важно прашање го поставува Библијата за Бога?**

**Јов. 11, 7** *Можеш ли да проникнеш во Божјите длабочини? Можеш ли да го доловиш совршенството на Седржителот?*

- Ние не можеме сами од себе да Го пронајдеме Бога. Тој Самиот треба да ни каже за Себе.

**2. Што вели Бог за Себе?**

**Исаија 40, 26:** *Подигнете ги очите и гледајте: Кој го создаде тоа? Оној Кој по број ја изведува нивната војска и Кој ги вика сите по име: поради големата моќ и големата сила во Него ништо не недостига.*

- Тој е создател со огромна сила. Не само што е создател туку е и одржувач на сето создание.

**Исаија 46, 9.10:** *Спомнете си за минатото: Јас Сум Бог и нема друг Бог, никој не Ми е сличен! Оној Сум, Кој од почетокот го открива свршетокот и јавува однапред за она што уште не се збиднало! Јас велам: 'Мојата одлука ќе се исполни, ќе извршам се што Ми е по волја˝'*

- Бог е сезнаен и сеприсутен

**3. Колку вистински Богови ни открива Библијата?**

**5 Мој. 6, 4:** *Чуј Израелу! Господ е наш Бог, Господ е Еден!*

- Бог им кажа на Израелците дека Тој е ЕДЕН, спротивно на околните пагански народи околу нив кои обожаваа мноштво богови.

**5 Мој. 4, 35:** *Тоа ти беше покажано тебе за да знаеш дека Господ е вистински Бог и дека нема друг освен Него.*

- Не постои друг освен Тој. На тој темел Бог ја даде првата заповед која го забранува обожавањето на повеќе богови.

**Еремија 10, 10:** *А Господ е вистински Бог, Тој е жив Бог и вечен Цар. Земјата се тресе од Неговиот гнев, народите не можат да ја поднесат Неговата јарост.*

**4. Која личност е најквалификувана да ни зборува за вистинскиот Бог?**

**Јов. 1, 18:** *Бога никој никогаш не Го видел; Единородниот Син, Кој е во прегратката на Таткото, Тој Го објави.*

- Исус, Божјиот Син, е таа личност.

**Јов. 3, 11:** *Вистина, вистина ти велам, зборуваме за она што знаеме; сведочиме за она што сме виделе; а сепак не го примате нашето сведоштво.*

- Зборувајќи ни за Бога Исус ни го кажува она што го знае и што го има видено. Тоа беше Неговата мисија на нашава земја, да ни каже за небесните работи.

**5. Според Исус, Кој е единствениот вистински Бог?**

**Јов. 17, 1.3:** *Татко... а ова е вечен живот: да Те познаат Тебе, Единствениот вистински Бог, и Исуса Христа, Кого си Го испратил.*

- Единствениот вистински Бог, според Исус, е Таткото. Познавањето на единствениот вистински Бог и Исуса е клучот за вечен живот. Правилното познавање на Бога е предмет кој одлучува за вечниот живот.

**6. Според Исус, Кој е Господот на небото и земјата?**

**Мат. 11, 25:** *Во тоа време Исус одговори и рече: 'Те фалам Татко, Господи на небото и земјата, зашто си го скрил тоа од мудрите и разумните, а си го открил на младенците'.*

- Таткото е Господ како на небото така и на земјата (види и Лука 10, 21).

**7. Кому ќе Му се поклонуваат вистинските поклоници?**

**Јов. 4, 23:** *Но доаѓа час - и веќе е тука - кога вистинските поклоници ќе Му се поклонуваат на Таткото во дух и вистина, зашто Таткото сака такви поклоници.*

- Вистинските поклоници Му се поклонуваат на Таткото, единствениот вистински Бог, во дух и вистина.

**8. Кому треба да Му се молиме, според Исус?**

**Мат. 6, 9-13:** *Татко наш, Кој си на небесата, да се свети Твоето име; да дојде царството Твое; да биде волјата Твоја, како на небото така и на земјата... Зашто Твое е царството, и силата, и славата, во сите векови. Амин!*

- Волјата на Таткото се извршува на небото. Царството, силата и славата Му припаѓаат Нему.

**Мар. 12, 28-32:** *И пристапи еден од книжниците, кој чу како се препираат, знаејќи дека им одговори добро, Го праша: 'која е прва од сите заповеди?´ Исус одговори: 'Првата е: Слушај Израеле - Господ, нашиот Бог - е единствен Господ; и љуби Го Господа својот Бог со сето свое срце, со сета своја душа, со сиот свој разум и со сета своја сила! А ова е втората: Љуби го својот ближен како себеси! Друга заповед, поголема од овие, нема.' И книжникот Му рече: 'Добро, Учителе, кажа според вистината дека Бог е Еден и нема друг освен Него'.*

- Да се познава Бог е услов за да можеме да Го љубиме. Правилното спознание за Бога е витално за нашата врска со Него. Книжникот се согласи дека постои само еден единствен Бог и дека нема друг освен Него.

**9. Дали Исус го поправи книжникот?**

**Мар. 12, 34:** *А Исус кога виде дека одговори разумно - му рече: 'Не си далеку од Божјото царство'*

- Верата на книжникот ја одразува верата на целата Еврејска нација. Евреите веруваа во само еден Бог.

**Јов. 8, 41:** *Ние не сме родени од блудство; имаме еден Татко, Бог.*

**10. Дали Исус Го идентификува единствениот Бог на Еврејската нација?**

**Јов. 8, 54:** *Исус одговори: 'Ако Јас се прославувам Самиот Себе, Мојата слава е ништо; Мене Ме слави Мојот Татко, за Кого вие велите дека е ваш Бог.*

**11. Дали Тој е Бог само на Евреите?**

**Рим. 3, 29:** *Или Бог е само на Јудејците, а не и на народите? Да, и на народите.*

**12. Дали Христовите апостоли им ја проповедаа на Народите истата вистина за Бог?**

**Јак. 2, 19:** *Ти веруваш дека има само еден Бог. Добро правиш; и бесовите веруваат и треперат.*

- Јаков вели дека постои само еден единствен Бог. Дури и бесовите го знаат тоа!

**1 Тим. 2, 5:** *Зашто Бог е еден и еден е посредникот меѓу Бога и луѓето, човекот Исус Христос.*

- Павле вели дека постои само еден единствен Бог. Исус е единствената врска помеѓу нас и Бог. Ние можеме да го запознаеме Бога само преку Христа.

**13. Кој е Тој единствен вистински Бог?**

**1 Кор. 8, 4-6:** *Знаеме дека идолот не е ништо во светот и дека нема друг Бог освен Единиот. Зашто, ако и има таканаречени богови, било на небото, било на земјата, како што има многу богови и многу господари, но ние имаме еден Бог, Татко, од Кого е се и за Кого сме ние; и еден Господ Исус Христос, преку Кого е се и преку Кого сме и ние.*

- Единствениот Бог е Таткото.

**Јак. 3, 9:** *Со него Го благословуваме нашиот Бог и Татко и со него ги преколнуваме луѓето кои се создадени според Божјо подобие.*

**Рим. 15, 6:** *За да Го славите еднодушно, со една уста, Бога, Таткото на нашиот Господ Исус Христос.*

**Еф. 4, 6:** *Еден Бог и Татко на сите, Кој е над се и преку сите во сите.*

**2 Кор. 1, 3:** *Благословен Бог и Татко на нашиот Господ Исус Христос, Татко на милосрдноста и Бог на секоја утеха.*

- Христовите апостоли учеа дека единствениот Бог е само Таткото. Никаде не читаме за повеќе личности во еден Бог. Вистинскиот Бог е Бог Таткото.

**14. Кој е живиот и вистински Бог?**

**1 Сол. 1, 9.10:** *Самите раскажуваат за нас, каков пристап имавме кон вас и како се обрнавте кон Бога од идолите, за да Му служите на живиот и вистински Бог; и да Го чекате Неговиот Син од небесата, Кого Го воскресна од мртвите, Исуса, Кој не ослободува од гневот што доаѓа.*

- *'Живиот и вистински Бог' е Таткото.*

**15. Дали раната Христијанска црква го задржа верувањето на апостолите?**

**Дела 2, 42:** *И беа постојани во апостолското учење и општувањето; и во раскршувањето на лебот и во молитвите.*

**16. Кој е создателот на се?**

**Отк. 4, 9-11:** *И кога живите суштества Му воздаваат слава и чест и благодарност на Оној, Кој седи на престолот, Кој живее во вечни векови, дваесет и четирите старешини паѓаат пред Оној, Кој седи на престолот, и Му се поклонуваат на Оној, кој живее во вечни векови и ги положуваат своите круни пред престолот, велејќи: 'Достоен си Господи и Боже наш, да ја примиш славата и честа и силата, зашто си создал се и заради Твојата волја суштествува се и е создадено'.*

**Дела 17, 24:** *Бог, кој го создаде светот и се што е во него, како Господар на небото и на земјата, не живее во ракотворни храмови.*

- Погоре видовме дека Господ на небото и земјата е Бог Таткото. Бог Таткото е Тој кој ги создаде сите работи.

**17. На кој начин Бог Таткото ги создаде сите работи?**

**Еф. 3, 9:** *И на сите да им откријам во што се состои распределбата на тајната, која од вечноста беше сокриена во Бога, Кој создаде се преку Исуса Христа.*

**Кол. 1, 16:** *Бидејќи преку Него (Христос) е создадено се што е на небесата и*

*на земјата, видливо и невидливо, било престоли, или господства, или началства, или власти, се е создадено преку Него и за Него.*

**Евр. 1, 2:** *Во последните денови ни зборуваше преку Синот, Кого Го постави за наследник на се и преку Кого ги создаде и световите.*

**Јов. 1, 3:** *Се стана преку Него, и ништо, што стана, не стана без Него.*

**18. Кој е глава на се?**

**1 Кор. 11, 3:** *Но сакам да знаете дека Христос е глава на секој маж, а мажот е глава на жената; а пак Бог е глава на Христос.*

- Глава на Христос е Бог, Неговиот Татко.

**19. Дали Христос има Свој Бог?**

**Мат. 27, 46:** *Околу деветиот час Исус извика со силен глас и рече: 'Или! Или! Лама Савахтани!? - тоа значи: 'Боже Мој, Боже Мој! Зошто си Ме оставил?'*

**Jov. 20, 17:** *Исус и рече: 'Не допирај Ме, зашто уште не отидов горе при Мојот Татко. Туку оди при Моите браќа и речи им: 'Се враќам при Мојот Татко и вашиот Татко, при Мојот Бог и вашиот Бог'.*

**Еф. 1, 17:** *Та Бог на нашиот Господ Исус Христос, Таткото на славата, да ви даде дух на мудрост и откровение во вистинското познавање на Него.*

**Отк. 3, 12:** *Оној кој победува ќе го направам столб во храмот на Мојот Бог и нема веќе да излезе надвор и на него ќе го напишам името на Мојот Бог и името на градот на Мојот Бог - Новиот Ерусалим, кој слегува од небото, од Мојот Бог, и Моето ново име.*

**Евр. 1, 9:** *Ја возљуби правдата, а го замрази беззаконието, затоа, о Боже, Твојот Бог Те помаза со масло на радоста, повеќе од Твоите соучесници.*

**20. Кому Му припаѓа Христос?**

**1 Кор. 3, 23:** *А вие сте Христови, и Христос е Божји*

**21. Кога ќе отидеме на небото, Кому ќе Му служиме?**

**Отк. 21, 22.23:** *А храм не видов во него; зашто негов храм е Господ Бог - Семоќниот, и Јагнето. И на градот не му е потребно сонцето, ниту месечината, за да му светат, зашто Божјата слава го осветлува, а Јагнето му е светилник.*

**Отк. 22. 3:** *И нема веќе да има никакво проклетство. И престолот на Бога и на Јагнето ќе биде во неа, и Неговите слуги ќе Му служат.*

- Ние ќе им служиме и ќе ги обожаваме Бога и Јагнето, затоа што тоа е вечниот живот. Нашата тема во текот на целата вечност ќе биде да ги познаеме нив двајцата.

**22. Дали треба да чекаме додека не отидеме на небото или тоа заедништво може да почне порано?**

**1 Јов. 1, 3:** *Она што го видовме и чувме, тоа ви го навестуваме и вам, за да имате и вие заедништво со нас. А нашето заедништво е со Таткото и со Неговиот Син Исус Христос.*

- Заедништвото може да започне денес кога читаме и учиме за Таткото и Синот.

**Заклучок:**
Видовме дека Божјиот збор јасно учи дека постои само еден единствен Бог. Тој Бог не е никој друг но Бог Таткото. Тој единствен Бог е изворот на сиот живот и сила. Единствениот начин да го запознаеме Бога е преку Неговиот Син Исус Христос, Кој дојде за да ни го донесе вистинското спознание за Бога.

**Ако постои  само еден единствен Бог, Таткото,  тогаш Кој е Исус Христос?**

Следната лекција ќе одговори на ова прашање.